Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

МФРСМ.Ф.8.5/9-2

# *КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА*



**октомври 2024 година**

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

## СОДРЖИНА

**Р Е З И М Е** ........ **2**

**1. РЕАЛЕН СЕКТОР** ........ **3**

Индустриско производство ........ 3

Број на работници во индустријата ........ 4

Продажни цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар ........ 5

Индекси на прометот во индустријата ........ 6

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ........ 6

Број на извршени градежни работи по видови објекти ........ 7

Промет во секторот трговија ........ 8

Инфлација ........ 8

Берзански цени ........ 10

**2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА** ........ **12**

Извоз ........ 12

Увоз ........ 13

Салдо на трговска размена ........ 15

Валутна структура ........ 15

**3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР** ........ **15**

Буџетски приходи и расходи според економската класификација ........ 15

Расходи по буџетски корисници ........ 18

**4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР** ........ **19**

Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување ........ 19

Плати ........ 20

Пензии ........ 21

**5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР** ........ **22**

Примарни пари ........ 22

Депозитен потенцијал ........ 23

Кредити на банките ........ 24

Каматни стапки на депозитни банки ........ 24

Пазар на капитал ........ 25

Девизни резерви ........ 25



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

# РЕЗИМЕ

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

## октомври 2024 година

- Во октомври 2024 година, индустриското производство забележа пад од 1,1% во споредба со истиот месец претходната година;
- Во октомври 2024 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 6,4% во споредба со истиот месец минатата година;
- Прометот во индустријата во октомври 2024 година во однос на октомври 2023 година бележи пад за 1,4%;
- Стапката на инфлација во октомври 2024 година изнесува 3,5% на годишно ниво и овој месец повторно регистрира забрзување на растот (2,6% во септември 2024 година). На месечно ниво инфлацијата бележи пад од 0,7%;
- Во периодот јануари - октомври 2024 година, извозот забележа пад од 5,5%, а увозот од 0,5%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 14,9% споредено со истиот период од 2023 година;
- Во периодот јануари – октомври 2024 година, реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ изнесува 251.134 милиони денари, што претставува 78,9% од планираниот износ за 2024 година, односно зголемување за 11,9% во однос на реализираните буџетски приходи во споредба со истиот период од 2023 година;
- Во периодот јануари – октомври 2024 година реализацијата на вкупните расходи изнесува 275.146 милиони денари, што претставува 75,8% од годишниот план, односно раст за 10,3% во однос на истиот период од 2023 година;
- Во октомври 2024 година, вкупните кредити на банките се зголемија за 9,2% во споредба со октомври 2023 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 11,0%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Во октомври 2024 година, индустриското производство забележа пад од 1,1% во споредба со истиот месец претходната година. Падот се должи на намаленото производство во секторите Рударство и вадење камен за 8,2% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 20,9%, додека секторот Преработувачка индустрија бележи раст за 3,1%.

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Раст на производството во октомври 2024 година споредено со октомври 2023 година бележат 14 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 39,1% од вкупната индустрија.

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС

Од гранките со повисока додадена вредност, во октомври 2024 година раст е забележан во следните гранки: производство на моторни возила, приколки и полуприколки за 10,4% со придонес од 1,4 п.п., производство на електрична опрема за 19,6% со придонес од 1,0 п.п. и производство на метали за 14,2% со придонес од 0,6 п.п., додека пад е забележан кај гранката производство на машини и уреди за 6,9% со придонес од -0,4 п.п..

Од традиционалните гранки, во октомври 2024 година, се забележува раст на производството во следните гранки: производство на тутунски производи за 132,2% со придонес од 1,6 п.п., производство на кожа за 6,2% со придонес од 0,0 п.п. и преработката на дрво и производи од дрво и плута за 67,0% со придонес од 0,5 п.п., додека намалување на производството се забележува во гранките производство на облека за 19,2% со придонес од -1,2 п.п., производство на пијалаци за 1,2% со придонес од 0,0 п.п., производство на текстил за 2,8% со придонес од -0,1 п.п. и прехранбена индустрија за 4,3% со придонес од -0,4 п.п..

Индустриското производство според намената на произведените единици во октомври 2024 година споредено со октомври 2023 година е намалено во следните групи: Енергија (пад од 22,5% со придонес од -2,9 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (пад од 3,2% со придонес од -1,0 п.п.), а зголемување на производството се забележува во групите: Интермедијарни производи, освен енергија (раст од 5,4% со придонес од 1,6 п.п.), Капитални производи (раст од 0,1% со придонес од 0,0 п.п.) и Трајни производи за широка потрошувачка (раст од 42,8% со придонес од 1,5 п.п.).

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, октомври 2024 година)*




1 - Производство на тутунски производи
2 - Производство на моторни возила, приколки и полуприколки
3 - Производство на електрична опрема
4 - Производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати
5 - Производство на метали

Извор: ДЗС

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, октомври 2024 година)*




1 - Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација
2 - Производство на облека
3 - Поправка и инсталирање на машини и опрема
4 - Вадење на руди на метал
5 - Производство на машини и уреди, неспомената на друго место

Извор: ДЗС

Според намената на произведените единици, раст во периодот јануари - октомври 2024 година е регистриран во групите: Капитални производи (за 1,3%) и Трајни производи за широка потрошувачка (за 7,8%), додека пад се бележи во следните гранки: Енергија (за 19,5%), Интермедијарни производи освен енергија (за 2,5%) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (за 3,8%).

## Број на работници во индустријата

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ

Во октомври 2024 година, бројот на работници во индустријата е намален за 3,2% во споредба со истиот месец претходната година. Падот се должи на намалениот број работници во секторот Преработувачка индустрија за 3,9%, додека раст се забележува во секторите Рударство и вадење камен за 4,6% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 1,1%. Раст на бројот на работници се забележува во гранките: производство на машини и уреди, неспомената на друго место за 34,9%, производство на пијалаци за 15,7% и вадење јаглен и лигнит за 12,2%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во октомври 2024 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека раст на бројот на работници бележат групите: Енергија за 4,6%, Капитални производи за 1,5% и Трајни производи за широка потрошувачка за 24,3%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари - октомври 2024 година бележи раст за 0,6%, што се должи на зголемениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен за 5,1%, Преработувачка индустрија за 0,3% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 0,9%.

Во однос на наменските групи, бројот на работници во индустријата во периодот јануари - октомври 2024 година е зголемен во секторите: Енергија за 4,5%, Капитални производи за 13,1% и Трајни производи за широка потрошувачка за 15,2%.

## Продажни цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар

Во октомври 2024 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 6,4% во споредба со истиот месец минатата година. Покачувањето се должи на зголемените цени во секторите: Преработувачка индустрија за 4,9%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 15,9% и Снабдување со вода; Отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината за 4,5%, додека во секторот Рударство и вадење камен продажните цени се намалени за 3,8%.

**Графикон 1.5**: Растот на продажните цени на индустриски производи на домашниот пазар по сектори




Во октомври 2024 година во споредба со октомври 2023 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки во групите Енергија за 14,6%, Производи за широка потрошувачка за 9,2%, Трајни производи за 3,7% и Нетрајни производи за 9,4%.

**Графикон 1.6:** Растот на продажните цени на индустриски производи на домашниот пазар по групи




На кумулативна основа, во периодот јануари – октомври 2024 година во споредба со истиот период минатата година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 1,8%, што се должи на зголемените цени во секторите: Преработувачка индустрија за 1,1%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 6,1% и Снабдување со вода; Отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината за 2,8%, додека намалување на продажните цени има во секторот Рударство и вадење камен за 1,1%.

Во периодот јануари - октомври 2024 во споредба со јануари – октомври 2023 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки во групите: Енергија за 5,7%, Производи за широка потрошувачка за 5,7%, Трајни производи за 4,2% и Нетрајни производи за 5,8%.

## Индекси на прометот во индустријата

Според податоците на Државниот завод за статистика, прометот во индустријата во октомври 2024 година во однос на октомври 2023 година бележи пад за 1,4%. Падот се должи на намалениот промет во секторот Преработувачка индустрија за 1,6%, додека во секторот Рударство и вадење камен е забележан раст за 5,9%.

**Графикон бр.1.7:** Раст на прометот во индустријата во главните индустриски групи




Во октомври 2024 година во споредба со октомври 2023 година, прометот во индустријата се зголеми во групите Трајни производи за широка потрошувачка за 21,3%, Нетрајни производи за широка потрошувачка за 5,7% и Интермедијални производи освен енергија за 3,5%, а во групата Капитални прозводи се забележува пад за 9,7%.

Гранки со најголем раст на прометот во индустрија во октомври 2024 во споредба со истиот месец минатата година се:

- Производство на останата опрема за транспорт (раст од 95,3%);
- Производство на компјутерски, електронски и оптички производи (раст од 37,6%) и
- Поправка и инсталирање на машини и опрема (раст од 26,1%).

На кумулативна основа, во периодот јануари - октомври 2024 година во споредба со истиот период минатата година, прометот во индустрија бележи пад за 11,1%, што се должи на намалениот промет во двата сектора - Рударство и вадење камен за 0,1% и Преработувачка индустрија за 11,5%.

Во периодот јануари - октомври 2024 година во споредба со периодот јануари – октомври 2023 година, прометот во индустријата се зголеми во групите Нетрајни производи за широка потрошувачка за 0,9% и Трајни производи за широка потрошувачка за 1,9%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во октомври 2024 година издадени се вкупно 363 одобренија за градење, што претставува раст од 11,7% во однос на истиот месец од 2023 година. Тоа се должи на годишниот раст на издадени одобренија за градење за објекти од високоградба за 15,5% (кои во вкупниот број на издадени одобренија за градење учествуваат со 59,5%) и за реконструкција на објекти за 24,1%. Споредено со септември 2024 година, бројот на издадени одобренија за градење е зголемен за 22,6%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во октомври 2024 година е

**Графикон 1.8:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

повисока за 12,3% на годишна основа, а во однос на претходниот месец таа бележи раст за 12,7%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 216 (или 59,5%) се наменети за објекти од високоградба, 75 (или 20,7%) за објекти од нискоградба и 72 (или 19,8%) за објекти за реконструкција.

**Графикон 1.9:** Структура на издадените одобренија за градење по региони *(октомври 2024)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 363 издадени одобренија за градење на 223 објекти (или 61,4%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 140 објекти (или 38,6%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во октомври 2024 година предвидена е изградба на 913 станови со вкупна корисна површина од 81.247м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба е зголемен за 20,9% на месечно ниво, а на годишно ниво за 15,6%.

**Графикон 1.10:** Предвидена вредност на објектите по региони *(во милиони денари)*




## Број на извршени градежни работи по видови објекти

Вкупната вредност на извршените градежни работи во септември 2024 година изнесува 3.640 милиони денари, што претставува номинален годишен раст од 20,1%, при што раст се забележува кај високоградбата за 19,6%, кај нискоградбата за 20,6% и кај специјализираните градежни работи за 14,4%. Споредено со август 2024 година, вкупната вредност на извршените градежни работи бележи раст од 48,2%, и тоа кај нискоградбата за 91,6%, а кај високоградбата за 11,8%, додека пад има кај специјализираните градежни работи за 28,2%. Кумулативно, во периодот јануари – септември 2024 година вредноста на извршените градежни работи изнесува 23.675 милиони денари, што е за 8,0% повеќе во споредба со истиот период минатата година.

**Графикон 1.11:** Извршени градежни работи (милиони денари)




Во рамки на извршените градежни работи, поголемиот дел се однесува на нискоградбата, кај која во првите девет месеци од годината се извршени градежни работи во вредност од 14.785

милиони денари, односно за 24,4% повеќе во однос на истиот период минатата година. Во овој период, вредноста на извршените работи кај високоградбата се намали за 13,9% и изнесува 8.060 милиони денари, а кај специјализираните градежни работи вредноста на извршените работи изнесува 830 милиони денари, односно 21,3% повеќе во однос на истиот период минатата година.

На реална основа, вредноста на извршените градежни работи во периодот јануари - септември 2024 година се зголеми за 15,8%, при раст кај нискоградбата (33,5%) и кај специјализираните градежни работи (30,1%), додека кај високоградбата е забележан пад (7,6%).

## Промет во секторот трговија

Во октомври 2024 година, податоците за внатрешната трговија покажуваат номинален годишен раст на прометот за 5,7%, по растот од 2,7% во септември. Вредноста на прометот во октомври 2024 година изнесува 67.254 милиони денари, додека кумулативно, во периодот јануари - октомври 2024 година, вредноста на вкупниот промет во трговијата изнесува 658.675 милион денари, што е за 4,7% повеќе во однос на истиот период минатата година.

**Графикон 1.12:** Трговија на мало, реална годишна промена (%)




Кумулативно, во периодот јануари - октомври 2024 година позитивен раст на прометот е забележан во секторите: трговија на големо, чија вредност на прометот изнесува 357.992 милиона денари, односно за 6,3% повеќе во однос на истиот период минатата година, трговија на мало, чија вредност на прометот изнесува 261.824 милиони денари, што е за 3,3% повеќе во споредба со иститот период од 2023 година, додека пад е забележан во секторот трговија со моторни возила и поправки, чија вредност на прометот изнесува 38.859 милиони денари или за 1,0% помалку во однос на истиот период лани.

На реална основа, во октомври 2024 година трговијата на мало бележи годишен раст од 2,1%, додека анализирано по групи и класи, зголемување се забележува во следните групи: трговија на мало со непрехранбени продукти за 5,8% и трговија на мало со автомобилски горива за 2,5%, додека намалување бележи трговијата на мало со храна, пијалаци и тутун за 2,5%.

Во октомври 2024 година, најголемо структурно учество во секторот Трговија има одделот Трговија на големо (54,0%), а потоа следуваат Трговија на мало (39,5%) и Трговија со моторни возила и мотоцикли, поправка и нивно одржување (6,5%).

## Инфлација

Стапката на инфлација во октомври 2024 година изнесува 3,5% на годишно ниво и овој месец повторно регистрира забрзување на растот (2,6% во септември 2024 година). Растот на инфлацијата во најголем дел произлегува од базичната компонента, но овој месец се забележува и доста зголемен придонес на прехранбената компонента во вкупната инфлација, како и раст на годишно ниво. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари – октомври 2024 година изнесува 3,3%.

Во октомври 2024 година, базичната инфлација (инфлација од која е исклучено влијанието на цените на храната и енергентите) забележува забрзување на растот и изнесува 6,0% на годишна основа (5,7% претходниот месец). Најголем позитивен придонес овој месец имаат зголемените цени од категоријата Ресторани и хотели (1,3 п.п.).



Графикон 1.13: Инфлација според COICOP
(*стапки на раст во %*)
Извор: ДЗС.

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци забележаа забрзување на растот и изнесуваат 3,3% (повисоки за 1,6 п.п. во споредба со претходниот месец), при што придонесот на оваа категорија во вкупната инфлација во октомври изнесува 1,3 п.п. и нејзиниот придонес е зголемен во споредба со претходниот месец. Најголем позитивен придонес во растот на цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци имаа поткатегориите: зеленчук (годишен раст од 11,9% и придонес од 0,6 п.п.), млеко, сирење и јајца (годишен раст од 5,7%, придонес од 0,4 п.п.) и безалкохолни пијалаци (годишен раст од 11,9%, придонес од 0,3 п.п.).



Графикон 1.14: Структура на инфлацијата според COICOP
(*придонеси во п.п.*)
Извор: ДЗС.

Гледано по компоненти, највисок годишен раст на цените во октомври 2024 година е забележан во категоријата Ресторани и хотели за 10,7% (придонес во растот на вкупната инфлација за 0,6 п.п.). Раст на цените е регистриран и во следните категории: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 9,4%[1], Разновидни стоки и услуги од 4,7%, Здравствена заштита од 5,1%, Комуникации од 4,6%, Рекреација и култура од 4,5%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 3,9%, Облека и обувки од 2,7%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,8% и Образование од 0,4%. Пад на цените е регистриран во категоријата Транспорт од 1,8%.



Графикон 1.15: Инфлација (годишни стапки на раст во %) за земјите од Западен Балкан

[1] Цената на тутунските производи е зголемена во согласност со усвоените измени на Законот за акцизите, при што акцизата на цигарите ќе се зголемува за 0,23 денари по парче секоја година сè до 2030 година. Во октомври 2024 беше воведена нова цена на тутунот.

Во октомври, потрошувачките цени се зголемија за 0,3% на месечно ниво (минатиот месец цените се зголемија за 0,5%). Растот на цените на месечно ниво се должи на растот на цените на храната. Цените на храната се зголемија за 1,7% на месечно ниво и најголем придонес во растот имаа цените на зеленчукот (придонес од 0,5 п.п.).

Потрошувачките цени во октомври се намалија за 0,7% на месечно ниво (минатиот месец цените се зголемија за 0,3%). Падот на цените на месечно ниво се должи на намалувањето на цените на храната, при што удел во нивното намалување на месечно ниво имаше мерката за намалување на маржите на 73 прехранбени производи т.н „есенска кошничка“[2].

Во октомври цените на храната се намалија за 2,3% на месечно ниво (негативен придонес од 0,9 п.п.) и најголем придонес во намалувањето имаа месото, лебот и зеленчукот.

Во октомври 2024 година, стапката на инфлација во еврозоната се зголеми за 0,3 п.п. во споредба со септември и изнесува 2,0%[3].

Согласно проекциите на ЕЦБ, стапката на инфлација во 2024 година би достигнала 2,5%, 2,2% во 2025 и 1,9% во 2026 година. За 2024 година се очекува стапката на инфлација да се движи околу 2,5% со одредена нестабилност поврзана со базниот ефект на цените на енергијата. Не се очекува драстична промена на инфлацијата во текот на 2024 година и таа ќе остане над историскиот просек што го одразува бавното намалување на цените на услугите. Со оглед на тоа дека намалувањето на цените на храната се очекува да се пролонгира и енергетската компонетна да има мал позитивен придонес во вкупната инфлација, се очекува побавна дезинфлација и таргетот од 2% да биде постигнат во четвртиот квартал од 2025 година.

## Берзански цени

Во октомври 2024 година, цената на суровата нафта (Брент) на светските берзи се зголеми за 1,8% на месечно ниво и изнесува 75,7 долари за барел, што е одраз на

Графикон 1.16: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Графикон 1.17: Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

---

[2] На 20 септември, Владата ја ограничи бруто профитната маржа на 73 производи за 10 отсто. Во таканаречената „есенска кошничка“ влегоа леб, пекарски и млечни производи, млеко, месо и преработки од месо, дел од конзервните производи, овошје, зеленчук, ориз, грав, тестенини. Мерката беше на сила до 31 октомври.

[3] Податокот е процена на Евростат

геополитичките тензии на Блискиот Исток, прекините во снабдувањето од страна на Либија, како и динамиката на понудата и побарувачката. На годишно ниво цената на нафтата е пониска за 16,9%.

Во октомври 2024 година, цената на природниот гас се зголеми за 5% на месечно ниво. Цената на гасот е под влијание на неколку фактори, меѓу кои геополитичките тензии, вклучително и ескалацијата на конфликтот на Блискиот Исток и загриженоста за потенцијалните прекини во снабдувањето на руско - украинската граница поради тековниот конфликт. Овие фактори ја зголемија вознемиреноста на пазарот на гас, што доведе до поголема нестабилност. Во октомври 2024 година, цената на природниот гас се намали за 15,2% на годишно ниво.

На почетокот на 2024 година продолжи трендот на стабилизирање и намалување на цените на електричната енергија, но од мај тие регистрираа раст неколку месеци по ред, кој беше прекинат во август кога цените регистрираа пад на месечно ниво. Цената на електричната енергија во октомври 2024 година според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX) изнесува 92,2 евра за мегават/час и на месечно ниво се намали за 13,1%, а на годишно ниво за 12,1%.

Графикон 1.18: Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Во октомври 2024 година, цените на основните метали регистрираа зголемување во споредба со претходниот месец, па така се зголемија цените на: цинкот за 9,5%, алуминиумот за 5,9%, никелот за 4,3%, бакарот за 3,2% и на оловото и на калајот за по 1,7%. На месечно ниво се зголеми и цената на железната руда, и тоа за 9,2%.

Овој месец цената на златото регистрираше раст од 4,6% на месечна основа и трендот на раст на месечно ниво го следеа и среброто и платината кои се зголемија за 7,6% и 3,3%, соодветно.

Во октомври, цените на пченката и пченицата се зголемија на месечна основа за 2,9% и 6,4%, соодветно. Цената на сончогледовото масло се зголеми за 12,9% на месечна основа.

Табела 1.1 . Берзански цени на енергенти (месечни податоци)

| | Electricity (EUR/MWh) | Crude Oil, Brent ($/bbl) | Natural GAS, Europe ($/1000 m3) |
|---|---|---|---|
| 2023 I | 148,7 | 83,1 | 714,1 |
| II | 146,2 | 82,7 | 585,1 |
| III | 113,4 | 78,5 | 488,7 |
| IV | 106,7 | 84,1 | 478,4 |
| V | 88,2 | 75,7 | 357,7 |
| VI | 96,6 | 74,9 | 366,2 |
| VII | 94,5 | 80,1 | 337,2 |
| VIII | 100,4 | 86,2 | 396 |
| IX | 103,8 | 94,0 | 408,6 |
| X | 104,9 | 91,1 | 515,5 |
| XI | 99,38 | 83,2 | 512,5 |
| XII | 81,72 | 77,9 | 407,1 |
| 2024 I | 85,73 | 80,2 | 338,2 |
| II | 69,35 | 83,8 | 288,3 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| III | 65,12 | 85,5 | 302,6 |
| IV | 61,96 | 90,5 | 321,4 |
| V | 72,2 | 82,0 | 358,2 |
| VI | 91,7 | 82,6 | 384,6 |
| VII | 135,5 | 85,3 | 366,1 |
| VIII | 120,8 | 80,9 | 437,8 |
| IX | 106,1 | 74,3 | 416,94 |
| X | 92,2 | 75,7 | 457,1 |

Извор: Светска банка, Унгарска берза на електрична енергија (World Bank, Hungarian Power Exchange)

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор:

**Графикон 2.2**: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Вкупната надворешнотрговска размена во првите десет месеци од 2024 година изнесува 15.753,5 милиони евра и бележи пад од 2,6% во однос на истиот период минатата година.

Во периодот јануари - октомври 2024 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27), како најголем трговски партнер, е намалено за 0,1 п.п. споредено со истиот период претходната година и изнесува 61,7%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите десет месеци од 2024 година изнесува 23,3% и е намалено за 1,6 п.п. во однос на истиот период од 2023 година.

### Извоз

Вредноста на извезените стоки во првите десет месеци од 2024 година изнесува 6.564,1 милион евра и бележи пад од 5,5% (382,0 милиона евра) во однос на истиот период од 2023 година, а физичкиот обем на извозот е зголемен за 0,5% во однос на истиот период минатата година.

Вредноста на извезените стоки во октомври 2024 година изнесува 703,0 милиони евра и бележи пад од 0,4% (2,6 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е зголемен за 0,3% споредено со октомври 2023 година.

Анализирано на месечно ниво, во октомври 2024 година извозот бележи раст од 4,8% (32,1 милион евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот тој регистрира месечен раст од 3,8%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (1,0 п.п.) врз извозот овој месец.

Вредноста на извозот на храна во првите десет месеци од 2024 година е зголемена за 44,5 милиони евра, што претставува раст од 10,9% во однос на истиот период од 2023 година, а количината на извезената храна е зголемена за 11,6%. Во структурата на вкупниот извоз на нашата земја, учеството на храната во првите десет месеци од 2024 година изнесува 6,9% и е зголемено за 1,0 п.п. во однос на истиот период од 2023 година. Во вкупниот извоз на храна, најголемо учество има извозот на следните производи: овошје и зеленчук (46,5%), жита и преработки од жита (22,2%), месо и преработки од месо (7,9%) и млечни производи и јајца (6,7%).

**Графикон 2.3:** Производи со највисоко учество во извозот (по СМТК)



Извор: ДЗС.

Анализирано според економските групации[4] на земјите, во периодот јануари - октомври 2024 година споредено со истиот период од 2023 година, извозот бележи пад во групациите: ЕУ 27, ЕФТА, Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот Регион, а раст во групациите: Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ 27 бележи пад од 7,3% на годишно ниво и учествува со 77,5% во вкупниот извоз на Република Северна Македонија, додека извозот во земјите од Западен Балкан бележи раст од 7,7% и учествува со 14,1% во вкупниот извоз на нашата земја.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во првите десет месеци од 2024 година изнесува 9.189,4 милиони евра и бележи пад од 0,5% (41,8 милиони евра) во однос на истиот период од 2023 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 5,5%.

Вредноста на увозот во октомври 2024 година изнесува 983,4 милиони евра и останува на исто ниво во однос на истиот месец од 2023 година, а увезените количини стоки се зголемени за 18,5% споредено со октомври 2023 година.

[4] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот Регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).







Анализирано на месечно ниво, во октомври 2024 година увозот бележи раст од 13,8% (119,4 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен раст од 5,1%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (8,7 п.п.) врз увозот овој месец.

Вредноста на увозот на храна во првите десет месеци од 2024 година е зголемена за 77,0 милиони евра, што претставува раст од 9,6% во однос на истиот период од 2023 година, а количината на увезената храна е зголемена за 7,5%. Во првите десет месеци од 2024 година, учеството на храната во структурата на вкупниот увоз на нашата земја изнесува 9,6% и е зголемено за 0,9 п.п. во однос на истиот период од 2023 година. Во вкупниот увоз на храна, најголемо учество има увозот на следните производи: месо и преработки од месо (21,6%), овошје и зеленчук (14,6%), жита и преработки од жита (13,4%), кафе, чај, какао и зачини (11,8%) и млечни производи и јајца (10,4%).

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - X - 2023 | I - X - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 111,8 | 100,6 | -11,2 | -10,0 |
| Мил. ЕУР | 89,1 | 71,0 | -18,1 | -20,3 |
| Мил.$ | 96,3 | 77,1 | -19,2 | -20,0 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - X - 2023 | I - X - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 1.000,1 | 990,9 | -9,2 | -0,9 |
| Мил. ЕУР | 741,3 | 685,8 | -55,5 | -7,5 |
| Мил.$ | 801,1 | 745,5 | -55,6 | -6,9 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - X - 2023 | I - X - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 67,5 | 55,9 | -11,6 | -17,2 |
| Мил. ЕУР | 2.019,1 | 1.577,8 | -441,3 | -21,9 |
| Мил.$ | 2.182,0 | 1.714,9 | -467,1 | -21,4 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - X - 2023 | I - X - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 24,7 | 26,3 | 1,6 | 6,5 |
| Мил. ЕУР | 154,4 | 147,4 | -6,9 | -4,5 |
| Мил.$ | 166,8 | 160,2 | -6,6 | -4,0 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - X - 2023 | I - X - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 550,7 | 564,1 | 13,4 | 2,4 |
| Мил. ЕУР | 492,1 | 434,9 | -57,2 | -11,6 |
| Мил.$ | 531,8 | 473,0 | -58,8 | -11,1 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - X - 2023 | I - X - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 572,2 | 587,2 | 15,0 | 2,6 |
| Мил. ЕУР | 424,1 | 403,1 | -21,0 | -4,9 |
| Мил.$ | 457,9 | 438,1 | -19,8 | -4,3 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - октомври 2024 година, трговскиот дефицит се зголеми за 14,9% односно 340,2 милиона евра споредено со истиот период минатата година.

Во октомври 2024 година, трговскиот дефицит се зголеми за 1,0% односно 2,8 милиони евра споредено со октомври 2023 година.

**Графикон 2.6:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од зголемувањето на дефицитот во размената со индустриски набавки, стоки за широка потрошувачка и храна и пијалаци, како и на намалувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема. Од друга страна, пак, кон намалување на негативното салдо дејствуваше намалувањето на дефицитот во размената со горива и мазива и стоки за инвестиции без транспортна опрема.

Во првите десет месеци од 2024 година, 91,5% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина и Грција, а потоа следуваат: Турција, Полска, Италија, Србија, Бугарија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Словачка, Чешка, Унгарија, Белгија и Шпанија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 91,8% од трговската размена во периодот јануари - октомври 2024 година е реализирана во евра и е на исто ниво во однос на истиот период од 2023 година. На страната на извозот и увозот еврото е застапено со 94,5% и 89,8%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 0,3 п.п, додека кај увозот е зголемена за 0,4 п.п. во однос на периодот јануари – октомври 2023 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - X - 2023 | | | | | I - X - 2024 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 4.977,7 | 8.255.987.780 | 61,5695 | 508.317.039.605 | 89,4 | 4.983,6 | 8.255.897.020 | 61,5394 | 508.062.949.078 | 89,8 | -90.760 | 0,0 |
| УСД | 848,2 | 973.439.748 | 57,0004 | 55.486.454.992 | 9,8 | 514,8 | 926.036.727 | 56,6004 | 52.414.049.174 | 9,3 | -47.403.020 | -4,9 |
| ГБП | 1,6 | 18.548.977 | 70,7461 | 1.312.267.817 | 0,2 | 2,2 | 19.231.236 | 72,4289 | 1.392.897.261 | 0,2 | 682.258 | 3,7 |
| ЕУР+УСД+ ГБП | 5.827,5 | | | 565.115.762.414 | 99,2 | 5.500,6 | | | 561.869.895.514 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 5.841,9 | | | 568.391.810.198 | 100,0 | 5.517,9 | | | 565.528.691.974 | 100,0 | | -0,5 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи и расходи според економската класификација

Во периодот јануари – октомври 2024 година, реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ изнесува 251.134 милиони денари, што претставува 78,9% од планираниот износ за 2024 година, односно зголемување за 11,9% во однос на реализираните буџетски приходи во споредба со истиот период од 2023 година. Во рамки на вкупните приходи, 232.445

милиони денари се остварени по основ на даночни приходи и социјални придонеси, со што стапката на реализација е 81,7% од планираниот износ за 2024 година, односно се забележува раст од 14,9% во однос на претходната година. Притоа, даночните приходи се реализирани во вкупен износ од 145.396 милиони денари (реализација од 82,7% од планираниот износ за 2024 година), додека придонесите се реализирани во износ од 85.570 милиони денари (годишен раст од 14,6%, односно 81,3% од планираниот износ за 2024 година). Во рамки на даночните приходи се забележува раст кај приходите по основ на: данок на личен доход за 16,9%, данок на добивка за 17,9%, данок на додадена вредност за 20,9%, акцизи за 7,6%, увозни давачки за 15,8%, додека другите даночни приходи бележат намалување за 71,2%. Во овој период, неданочните приходи бележат раст од 8,3%, а капиталните приходи од 9,3%, додека приходите по основ на странски донации бележат намалување за 65,8%.

Реализацијата на вкупните расходи во периодот јануари – октомври 2024 година изнесува 275.146 милиони денари, што претставува 75,8% од годишниот план, односно раст од 10,3% во однос на истиот период од 2023 година. Притоа, тековните расходи се реализирани во износ од 256.385 милиони денари или 80,6% од планираниот износ за целата година, што претставува раст од 16,5% во однос на истиот период од 2023 година. Раст се забележува и кај расходите за плати и надоместоци за 20,3%, кај расходите за стоки и услуги за 14,9% и кај каматните расходи за 38,1%. Трансферите, коишто се најголема категорија на тековните расходи, се зголемија за 14,4%, водени од растот кај социјалните трансфери за 15,0%, расходите за здравствена заштита за 11,3%, блок и наменските дотации за 11,2% и субвенциите и трансферите за 16,6%. Капиталните расходи се реализирани во износ од 18.761 милион денари и се пониски за 35,9% во споредба со истиот период од 2023 година. Стапката на реализација на капиталните расходи во периодот јануари – октомври 2024 година во однос на планираниот износ изнесува 42,0%.

**Табела 3.1. Извршување на Буџетот на РСМ за периодот јануари – октомври 2024 година**

| | Ребаланс на Буџет 2024 | јануари - октомври 2024 | | |
|---|---|---|---|---|
| | милиони денари | милиони денари | годишна стапка на раст (во %) | стапка на реализација |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **318.150** | **251.134** | **11,9%** | **78,9%** |
| **Даноци и придонеси** | **284.469** | **232.445** | **14,9%** | **81,7%** |
| Даноци | 175.751 | 145.396 | 15,1% | **82,7%** |
| Данок на личен доход | 31.542 | 24.754 | 16,9% | **78,5%** |
| Данок на добивка | 21.118 | 17.193 | 17,9% | **81,4%** |
| ДДВ | 78.458 | 67.942 | 20,9% | **86,6%** |
| Акцизи | 29.837 | 24.065 | 7,6% | **80,7%** |
| Увозни давачки | 13.556 | 10.637 | 15,8% | **78,5%** |
| Други даночни приходи | 1.240 | 805 | -71,2% | **64,9%** |
| Придонеси | 105.212 | 85.570 | 14,6% | **81,3%** |
| **Неданочни приходи** | **22.541** | **14.708** | **8,3%** | **65,2%** |
| **Капитални приходи** | **3.240** | **1.625** | **9,3%** | **50,2%** |
| **Странски донации** | **7.900** | **2.356** | **-65,8%** | **29,8%** |
| **Приходи од наплатени заеми** | **0** | **0** | **/** | **/** |



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **362.816** | **275.146** | **10,3%** | **75,8%** |
| **Тековни расходи** | **318.118** | **256.385** | **16,5%** | **80,6%** |
| Плати и надоместоци | 44.537 | 35.668 | 20,3% | **80,1%** |
| Стоки и услуги | 25.509 | 17.885 | 14,9% | **70,1%** |
| Трансфери | 230.439 | 187.029 | 14,4% | **81,2%** |
| Социјални трансфери | 169.794 | 139.102 | 15,0% | **81,9%** |
| ПИОСМ | 104.495 | 87.041 | 17,5% | **83,3%** |
| Паричен надоместок за невработени лица | 2.926 | 2.154 | 39,1% | **73,6%** |
| Социјална помош | 14.928 | 12.290 | 6,5% | **82,3%** |
| Здравствена заштита | 47.445 | 37.617 | 11,3% | **79,3%** |
| Други трансфери | 58.215 | 46.495 | 13,9% | **79,9%** |
| Камата | 17.632 | 15.803 | 38,1% | **89,6%** |
| **Капитални расходи** | **44.698** | **18.761** | **-35,9%** | **42,0%** |
| **БУЏЕТСКО САЛДО** | **-44.666** | **-24.012** | **-4,3%** | **53,8%** |

Извор: Министерство за финансии

**Графикон 3.1.** Структура на остварени даночни приходи, јануари – октомври 2024 година




Извор: Министерство за финансии

**Графикон 3.2.** Структура на реализирани расходи според економска класификација, јануари – октомври 2024 година




Извор: Министерство за финансии

Во периодот јануари – октомври 2024 година е остварен дефицит на Буџетот на РСМ од 24.012 милиони денари, што претставува 2,5% од проектираниот БДП за 2024 година, односно 53,8% од годишниот план.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

**Графикон 3.3.** Буџетски дефицит, кумулативни податоци (мил. денари)




Извор: МФ.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.

Во периодот јануари – октомври 2024 година, Министерството за социјална политика, демографија и млади реализира 58.800 милиони денари или 91,1% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (70,7%) од расходите се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 41.563 милиони денари или 95,0% од средствата наменети за 2024 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 20,5% во вкупните расходи и за оваа намена беа реализирани 85,1% (12.060 милиони денари) од планираните за 2024 година.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(октомври 2024 година)*




Извор: МФ.

Во анализираниот период, Министерството за образование и наука изврши буџетски средства во износ од 31.551 милион денари, што е 77,9% од вкупниот буџет за 2024 година. Најголем дел од расходите (57,7%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 18.195 милиони денари или 80,9% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 20,0%, за што се потрошени 6.304 милиони денари, односно 80,1% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – октомври 2024 година, Министерството за внатрешни работи реализира вкупно 11.841 милион денари, што претставува 81,8% од сопствениот буџет за 2024 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 67,6%, за што се потрошени 8.007 милиони денари или 81,1% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 19,4%. За таа намена беа реализирани 2.297 милиони денари или 80,6% од годишниот план.

Во овој период, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализира 6.772 милиона денари што претставува 70,2% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 92,4% во вкупните расходи, реализирани се 76,5% од планираните средства за цела година, односно 6.257 милиони денари.

Во периодот јануари – октомври 2024 година, Министерството за одбрана реализира 13.541 милион денари, што е 74,9% од вкупниот буџет за оваа година. Плати и надоместоци има

најголемо учество во расходите со 36,6%, па за таа намена реализацијата изнесува 4.959 милиони денари (78,8% од вкупно предвидените средства за тековната година). Капиталните расходи учествуваат со 31,2% во вкупните расходи и за оваа ставка се потрошени 4.226 милиони денари, односно 73,7% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – октомври 2024 година, Владата на Република Северна Македонија реализира вкупно 2.505 милиони денари, односно 65,2% од планираните средства за 2024 година. Притоа, субвенциите и трансферите учествуваат со 59,8% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 1.499 милиони денари (71,4% од предвидените средства).

Во анализираниот период, Министерството за здравство изврши буџетски средства во износ од 5.929 милиони денари или 78,5% од вкупниот буџет за 2024 година. Тековни трансфери до вонбуџетските фондови има најголемо учество во расходите со 52,2%, за што се потрошени 3.096 милиони денари или 88,5% од средствата наменети за 2024 година. Втора најзначајна ставка е Стоки и услуги со реализација од 2.304 милиони денари (73,8% од планираното за годината) и учество од 38,9% во вкупните расходи.

Во периодот јануари – октомври 2024 година, Министерството за транспорт и врски реализира средства во износ од 3.010 милиони денари, што е 23,1% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи како главна ставка изнесува 73,4% од вкупно реализираните средства на овој буџетски корисник (2.210 милиони денари или 18,8% од вкупно планираните средства).

Во овој период, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство реализира средства во износ од 1.307 милиони денари, што претставува 74,2% од предвидените за 2024 година. Плати и надоместоци (525 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 40,2%, а притоа се реализирани 81,0% од планираните. По основ на Субвенции и трансфери отпаѓаат 21,7% од вкупните расходи, а реализацијата за таа намена изнесува 284 милиони денари или 86,0% од вкупниот буџет за оваа намена.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска (*http://finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/*).

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Новвработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во првите десет месеци од 2024 година, во Агенцијата за вработување се регистрирани вкупно 157.912 новозасновани работни односи. Во однос на истиот период од 2023 година, вкупниот број новвработени лица е намален за 6,9%.

Од вкупниот број новвработени, 41,3% се вработени на неопределено време, а другиот дел на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во октомври 2024 година, 13,5% се од евиденцијата на невработени.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Вкупниот број невработени лица во октомври 2024 година изнесува 141.606, од кои 97.879 лица се активни баратели на работа, а 43.727 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за 4,1%, а почнувајќи од мај 2021 година тој бележи континуиран годишен пад. Во однос на септември 2024 година, бројот на невработени е намален за 4.162 лица.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ

Најголем дел од активните невработени лица (58,8%) е градско население, а според половата структура 47,8% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 68,9% е со непотполно средно образование или помалку, 23,7% со завршено средно образование, а 7,4% со вишо или повисоко ниво на образование.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Анализирано според старосната структура, 49,5% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 59,4% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, а 13,4% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Според соопштението на Државниот завод за статистика, просечната номинална нето-плата во септември 2024 година изнесува 41.585 денари и оствари годишен раст од 9,8%, а во однос на август 2024 година таа е повисока за 1,2%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на септември 2023 година се забележува во следните сектори: Административни и помошни услужни дејности (12,6%), Преработувачка индустрија (11,7%) и Уметност, забава и рекреација (11,4%). Во септември 2024 година, реалните плати забележаа годишен раст од 7,0%. Највисока просечна нето-плата во септември 2024 година е исплатена во секторот Информации и комуникации (76.904 денари), во чии рамки највисок износ на нето-плата е исплатен во дејноста Компјутерско

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

програмирање, консултантски и сродни дејности (96.455 денари), по што следуваат Финансиски дејности и дејности на осигурување со 56.337 денари, секторот Рударство и вадење камен со 54.455 денари и секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со 53.744 денари.

**Графикон 4.5:** Просечна нето-плата по сектори, септември 2024 година *(во илјада денари)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во септември 2024 година изнесува 62.573 денари и споредено со истиот месец од 2023 година порасна за 10,0%, а на месечна основа таа е повисока за 1,2%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во септември 2024 година во однос на септември 2023 година се забележува во следните сектори: Административни и помошни услужни дејности (12,8%), Уметност, забава и рекреација (12,0%) и Преработувачка индустрија (11,9%).

## Пензии

Во октомври 2024 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување се евидентирани 341.393 пензионери. Во септември 2024 година се измени Законот за пензиско и инвалидско осигурување, согласно кој од 1.10.2024 година има линеарно покачување на сите видови пензии за 2500 денари.

Од вкупниот број пензионери, 70,7% се корисници на старосна пензија, или 241.512 пензионері, 21,7% на семејна пензија или 74.172 пензионера и 7,5% на инвалидска пензија, односно 25.709 пензионери.

**Графикон 4.6:** Корисници на пензии и просечна пензија *(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ

Просечната пензија во октомври 2024 година изнесува 23.709 денари односно за 17,2% повисока во однос на истиот месец од 2023 година[5]. Растот на пензиите е резултат, меѓу другото, и на мартовското усогласување на пензиите според методологијата која предвидува усогласување на пензиите со комбиниран модел од 50% пораст на просечната плата и 50% пораст на трошоците на живот, согласно официјалните податоци на ДЗС. Според оваа методологија, почнувајќи од март 2022 година усогласувањето се врши двапати во годината, односно во март и септември.

Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во септември 2024 година (последни расположливи податоци) изнесува 57,1%.

Просечната старосна пензија во октомври 2024 година изнесува 25.366 денари, просечната инвалидска пензија 21.269 денари, а просечната семејна пензија 19.157 денари. За исплата на пензиите овој месец се потрошени 8.036 милиони денари, што претставува 55,3% од вкупните социјални трансфери.

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

| **Табела 4.1** Податоци за пензиски примања за октомври 2024 година | | | |
|---|---|---|---|
| **Корисници на пензија** | **број** | **структура** | **просечна пензија** |
| старосни | 241.512 | 70,7% | 25.366,00 |
| инвалидски | 25.709 | 7,5% | 21.269,00 |
| семејни | 74.172 | 21,7% | 19.157,00 |
| Вкупно | 341.393 | 100,0% | 23.709,00 |
| **Корисници на миним. земјоделски пензии** | 38 | | 13.413,00 |
| **Корисници на воени пензии** | 739 | | 32.403,00 |
| **Вкупно** | 342.170 | | 23.727,00 |
| **Извор: Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија** | | | |

## 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во октомври 2024 година, Народната банка повторно ја намали основната каматна стапка за 0,25 п.п. од 6,05% на 5,80%, откако неколку месеци по ред ја држеше основната каматна стапка непроменета со цел да ја стабилизира инфлацијата на подолготрајна основа. Одлуката за олабавување на монетарната политика се заснова на оценката на инфлацијата, најновиот развој на клучните макроекономски показатели и поволните движења на девизниот пазар. Ова намалување е во согласност со монетарната политика на ЕЦБ, која започна со намалување на каматните стапки од септември 2024 година.

Во октомври 2024 година, Народната банка ги задржа расположливите депозити преку ноќ и расположливите депозити на седум дена на нивото од 4,20% и 4,25%, соодветно.

### Примарни пари

Во октомври 2024 година, примарните пари[6] се зголемија за 0,9% на месечно ниво. Растот на примарните пари се должи на зголемувањето на вкупните ликвидни средства за 1,6%, додека готовите пари во оптек регистрираа незначителен раст од 0,1%.

Графикон 5.1: Валутна структура на депозити и кредити (октомври 2024 година)




Извор: НБРСМ.

[6] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва.

Во октомври 2024 година, примарните пари се зголемија за 31,9% на годишно ниво, што се должи на растот на вкупните ликвидни средства и на готовите пари во оптек за 59,8% и 10,3%, соодветно.

## Депозитен потенцијал[7]

Во октомври 2024 година, вкупните депозити на банките се зголемија за 1,7% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец депозитите на домаќинствата се зголемија за 0,7%, а депозитите на претпријатијата за 3,2%.




Од аспект на валутата, во октомври 2024 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна и странска валута регистрираа раст од 2,4% и 0,8%, соодветно.

Во октомври 2024 година, вкупниот депозитен потенцијал оствари раст од 11,0% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута се зголемија за 16,1%, а депозитите во странска валута за 4,8%.

Од аспект на секторот, депозитите на претпријатијата регистрираа раст од 10,0% на годишно ниво, а депозитите на домаќинствата раст од 11,7%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (октомври 2024 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Депозитен потенцијал | ***564.962*** | ***1,7%*** | ***11,0%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *327.133* | *2,4%* | *16,1%* |
| *Странска валута* | *237.829* | *0,8%* | *4,8%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *215.478* | *1,2%* | *-0,3%* |
| *Долгорочни* | *142,875* | *2,7%* | *25,4%* |
| | | | |
| Кредити на приватен сектор | ***477.837*** | ***1,8%*** | ***9,2%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *292.729* | *2,9%* | *15,8%* |

[7] НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Странска валута* | *185.108* | *0,2%* | *0,1%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *70.021* | *1,0%* | *9,2%* |
| *Долгорочни* | *391.304* | *2,1%* | *9,8%* |

Извор: НБРСМ

Според рочноста, на годишно ниво, краткорочните депозити се намалија за 0,3%, додека долгорочните депозити регистрираа раст од 25,4%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и овој месец регистрира раст и изнесува 57,9%.

## Кредити на банките

Во октомври 2024 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 1,8% на месечно ниво, во услови на раст на кредитирањето на домаќинствата и претпријатијата за 0,9% и 2,8%, соодветно.

Од аспект на валутата, на месечно ниво денарските кредити се зголемија за 2,9%, а девизните кредити за 0,2%.

На годишна основа, во октомври 2024 година вкупните кредити се зголемија за 9,2%, во услови на раст на кредитите на претпријатијата и кредитите кон домаќинствата за 10,4% и 8,2%, соодветно. Кредитите во домашна валута се зголемија за 15,8%, а кредитите во странска валута за 0,1%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 9,8%, а краткорочните кредити од 9,2%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во октомври 2024 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,03 п.п. во споредба со претходниот месец и таа изнесува 5,38%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,03 п.п. и изнесува 5,81%, а каматната стапка на девизните кредити регистрираше пад од 0,05 п.п. и изнесува 4,77%.

Графикон 5.3: Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Во октомври 2024 година, вкупната каматна стапка на депозитите се зголеми за 0,06 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 2,07%. Каматната стапка на денарските депозити се зголеми за 0,06 п.п. и изнесува 2,56%, а на девизните депозити за 0,03 п.п. и изнесува 1,61%

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити изнесува 5,03%, а на новоодобрените девизни кредити 4,07%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 3,13% и 2,35%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, вкупниот промет на берзата во октомври 2024 година се зголеми за 125,3% на месечно ниво, како резултат на растот прометот од блок трансакциите за 193,7% и растот на класичното тргување за 62,2%.

Графикон 5.4: Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Вкупниот промет на берзата во октомври 2024 година изнесува 1.968,8 милиони денари, што претставува зголемување за 513,2% на годишно ниво.

На крајот на октомври 2024 година македонскиот берзански индекс МБИ-10 изнесува 8.621,6 индексни поени, при што на месечно ниво е намален за 1,8%, а во однос на истиот месец претходната година е зголемен за 46,0%.

## Девизни резерви

Износот на бруто девизните резерви на крајот на октомври 2024 година е 4.975,6 милиони евра и во однос на претходниот месец тој е зголемен за 12,9%, а во однос на октомври 2023 година девизните резерви се зголемени за 26,9%.